**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Благој Бањански**
**именуван за подрачјето на**
**Основните судови Неготино**
**Велес,Гевгелија и Кавадарци .**
**ул. Фемо Кулаков бр.15/1-1**
**тел. 043 370-111** izvrsitel.banjanski@yahoo.com

**Образец бр.66**

**И.бр.1580/23**

Извршителот Благој Бањански од Неготино врз основа на барањето за спроведување на извршување од **доверителот Друштво за транспорт,трговија и услуги ТРАНС ЧЕЛЕВЕЦ ДООЕЛ с.Челевец Демир Капија** од Д .Капија со седиште во с.Челевец – преку пол.Адвокат Коце Вучков, засновано на извршната исправа НПН бр.430/23 од 04.7.2023 на Нотар Ванчо Тренев од Неготино, против **должникот Друштво за производство, трговија и услуги РОБИ-ШПЕД ДООЕЛ Демир Капија** од Демир Капија со седиште на ул."11-ти Октомври" бр.02, на ден 05.12.2024 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

**СЕ ОПРЕДЕЛУВА втора прдажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:**

**Имотен лист бр.669 за КО Корешница при АКН Неготино**
**-1/2 (една половина) идеален дел од :**
**-КП.бр.68**, број на зграда 0, викано место ПОД СЕЛО, план 11, скица 27, катастарска култура 3З, Л3, катастарска класа 4, со површина од 4290м$^2$, сосопственост на должникот, сите запишани во Имотен лист бр.669 за КО Корешница при АКН Неготино, врз која се спроведува извршување според налогот И.бр.1580/23 од 08.02.2024 година на извршителот Благој Бањански, сопственост на должникот Друштво за производство, трговија и услуги РОБИ-ШПЕД ДООЕЛ Демир Капија.

**Проценетата вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Благој Бањански, изнесува 158.730,оо денари, а на оваа второ јавно надавање, почетната вредност на недвижноста ќе изнесува 105.820,оо денари, под која недвижноста неможе да се продаде.**

**Продажбата ќе се одржи на ден 26.12.2024 година во 11:00 часот во просториите на извршителот Благој Бањански од Неготино, ул.Фемо Кулаков бр.15/1-1.**

Недвижноста се оптоварена со следните товари и службености: доверител Друштво за транспорт,трговија и услуги ТРАНС ЧЕЛЕВЕЦ ДООЕЛ с.Челевец Демир Капија, Налог за извршување И.бр.595/12 на Извршител Ангел Костадиновски од Кавадарци и Налог за извршување И.бр.909/2023 на Извршител Љупло Јованов од Кавадарци.

Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

**На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижностите, најкасно до 25.12.2024 година.**

**Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 240320002215396 која се води кај УНИ Банка АД Скопје.**

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижностите, во рок од 15 дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во дневниот печат за јавно информирање „НОВА МАКЕДОНИЈА“и електронски на веб страницата на Комората .

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л
Благој Бањански

**Правна поука**: Против овој заклучок може да се поднесе приговор до Основниот суд на територијата каде што ќе се спроведува извршувањето согласно одредбите на член 86 од Законот за извршување.